РЕПУБЛИКА С... МАКЕДОНИЈА
ОПШТ...НА РЕСЕН
БР 10 - 1909/2
18.10. 2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 и член 24 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, со број 10-1909/1 од 19.09.202 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до дополнителни информации од јавен карактер** од Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, заверено под број 10-1909/1 од 19.09.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Македонско здружение на млади правници, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе дополнително барање информации од јавен карактер на ден 19.09.2024 година заверено под број 10-1909/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација: посебни постапки за правото на пристап на информации и учество во јавноста во донесување одлуки за состојбата на животна средина; извештај за состојбата на животна средина; дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола; овластени инспектори за животна средина; дали е формирана локална мрежа за мониторинг на животна средина; локален акционен план за животна средина; локална агенда 21 како локален документ за орджлив развој; заштитено подрачје во Општина Ресен; партиципативно тело за урбанистичко планирање; дали е формиран локален младински совет; локална статегија за млади; начин на обезбедување учество на младите во политиките на локално ниво; листа на активни граѓански организации.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното: за точките од 1 до точка 8 во прилог Ви го доставуваме одговорот од Секторот за Животна Средина, за точка број 9 ве информираме дека Општина Ресен има формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање и тоа се составува од Комисија за урбанизам, изработувач-лице вработено во правниот субјект што го изработува урбанистичкиот план, месни и урбани заедници, стручни лица и лица вработени во единицата на локалната самоуправа, да има лица под 30 години и тие се 2(двајца); Општина ресен нема формирано локален младински совет; нема

донесено локална стратегија за млади; учество на претставници на млади на креирање политики на локалнониви обезбедување преку јавно објавување на сите настани и тековни проекти, разгледување на секоја иницијатива и нивни барања; Општина ресен располага со евиденција на активни граѓански организации врз основа на податоци од централен регистар на РСМ.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**